# ЧЕСТА И УГЛЕДОТ И ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ[1]

## Дефинирање на правото на слобода на изразување

На почеток потребно е да се истакне дека правото на слобода на изразување е содржано во чл.10 од Европската конвенција за човекови права и како такво преставува европски стандард од огромно демократско значење, но пред да се прејде кон елаборација на ова право, првин мора да се осврнеме кон човекот од аспект на филозофската антропологија. Уште од античка Грција стои изреката "човекот е *зоон политикон*", т.е. општествено битие, кое со другите поединци во заедницата е поврзано врз принципот на слободата, заедничките потреби и интереси.

Платон и Аристотел слободата ја сметаат за највисока вредност на демократската држава. Според Аристотел слободата е цел на демократијата, а демократското државно уредување за свој основен принцип ја има слободата и тоа е единствено државно уредување во кое граѓаните уживаат во слободата. Сепак, слободата е ограничена, затоа што претераната слобода, секој да работи по свое не е во состојба да го сопре злото кое постои во секој човек. Меѓу позначајните дефиниции за слободата се оние што во почетокот на 19 век го поттикнуваат и развојот на правната аксиологија. Според Камбовски, правото е човекова творба, а правната антропологија како посебно подрачје на правната аксиологија, го проучува човекот и неговата улога, како детерминанта на важноста на правото[2]. Не може, а да не се споменат учењата на големите филозофи како Хобс, Русо и Кант, иако најблизок на современите сфаќања е Кант со дефиницијата која го карактеризира човекот како слободно, разумно и одговорно битие. Човекот како "господар над самиот себеси", е слободен во изборот на однесувањето и почитувањето на вредностите и нормите. Човекот е морално одговорен за своите одлуки, затоа има слобода да го формира правото, односно да ги определува нормите, пред се, поаѓајќи од разликите меѓу корисното и штетното, доброто и лошото. Така се формира обврзувачкото однесување, императивните и забранувачки норми, кои се резултат на реалните и

---

[1]М-р Ненад Савески - ( Де ) Криминализација на кривичните дела Клевета и Навреда - , Скопје, Мај 2012 година стр.18-30

[2]Академик В.Камбовски "Филозофија на право" Скопје 2011,види м-р Едита Насковска, Казнено-правни аспекти на чл.10 од ЕКЧП во македонската судска практика, Скопје, 2011,стр.10

оправдани интереси на човекот, а во согласност на неговите морални и правни должности, во таа релација правото се јавува истовремено како гарант за слободата, но воедно потребно да обезбеди и нејзино ограничување. Човекот е слободен само во општеството во кое неговите односи со другите се уредени со правото, врз принципот на еднаквост во првата и должностите ( Хегел ). За Мил слободата е основен услов за општествен напредок, истата треба да се уважува во максимална мера, "*доколку целото човештво минус еден имаше исто мислење, човештвото повеќе не би било оправдано кога би го замолчувало тоа едно лице, за разлика од него кој доколку би имал моќ, би било сосема оправдано да пристапи кон замолчување на човештвото*"[3]. Шопенхауер ја дефинира слободата во негативна смисла, слободен е оној кој има волја да прави што сака, но границата на слободата на волјата се содржани во прашањето, дали човекот може тоа да го сака.

Современите сфаќања ( Сорокин, Берлин, Дал, Хелт и други ) покрај општиот општествен контекст на слободата, поставен врз тезата за демократијата како нужен услов за слободата се повеќе се насочени кон субјективниот, личниот момент на слободата, како израз на слободната автономија на поединецот, кое подразбира можност за самоодредување, слободен избор и морална одговорност за сопствените постапки.

Одделни автори како Лукиќ, разликуваат општ поим на слободата како слобода на творештвото, создавање, кое не е подложно на принципот на каузалитет (слобода на волјата), која е посебен вид на слобода за преземање на конкретно дејствие, каузално детерминирање, таа треба да се посматра како искуствено, научно, психолошко прашање на избор помеѓу различни мотиви за конкретно однесување, за разлика од слободата, воопшто кое е филозофско, онтолошко прашање.

Слободата на изразување и комуникацијата меѓу различните индивидуи претставуваат ненадминливи средства на контрола на власта и истовремено, ограничување на моќта на властодавецот како резултат на која граѓанинот постепено успева "*да го ослободи робот кој господари со неговата личност*".

Познатиот полски историчар, есеист и политички публицист Адам Михњик направи пионерски обид, темелно да го прикаже значењето на ова право, настапувајќи со максимата "*Луѓето убиваат првин со зборови, а дури потоа со мечот*", со тоа тој не само

[3]On liberty (1859), Penguin Classics, 1985 стр.76.

што укажа на значењето на јавниот говор, туку паралелно предупреди и на евентуалната одговорност на оние лица кои се служат, односно, ја ползуваат моќта на слободниот говор.[4]

Развојот на човечкото општество е непрекинат пат кон вековниот развиток на слободата и е патоказ за евалуацијата на објективниот дух, до степенот на свесно самопознавање и свесно самоодредување. Заедно со таквиот развој на духот тече и развојот на правото кон истакнување на слободата на нејзиниот развој како највисока вредност. Од век до век таквата тенденција ја илустрираат радикални, правни реформи, од кои современата ера на развојот на идејата за слободата како врвна вредност ја назначува Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година. Декларацијата го дефинира општиот поим на слобода како можност да се биде одреден со закон, со кој може да се забранат, само дејствата кои се штетни за општеството, личната слобода е заштитена од каков било акт на обвинување, апсење или здружување на поединецот, освен во случај и во постапка утврдена со закон.

Двовековниот развиток на филозовско-правното поимање на слободата како највисока правна вредност, резултираат во втората половина на 20-тиот век со нејзиното поставување како категоричен императив на современата држава во меѓународните документи за правата на човекот засновани врз рационалната концепција за природното право. Општата Декларација за правата на човекот и граѓанинот на ООН од 1948 година го сублимира ова филозовско-правно стојалиште низ следната одредба (чл.1): "Сите човечки битија се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата". Врз оваа концепција, прокламирана со Општата Декларација се надоврзуваат цела низа конвенции за правата и слободите на човекот (Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и др.).

Демократијата, нејзиниот развој и еволуцијата на човекот најдобро се штити и овозможува преку заштита на слободата на изразување. Поимот тешко може да се определи поради општоста, слободата на изразување е најопшт облик на слобода. Оваа слобода не е битна сама по себе , туку преставува суштински дел на заштита на другите права и слободи, гарантирани со Европската Конвенцијата за човекови права. Слободата на изразување е цивилизациска придобивка и истата е услов за напредок на човековите

---

[4]Проф.д-р Н.Тупанчески, Д.Кипријановска, Ф.Медарски, Клевета и Навреда-од инкриминација до декриминализација. Скопје, 2009, стр.8

права. Невозможно е да се стреми кон вистинска демократија, владеење на правото и воспоставување рамнотежа на односите меѓу прокламираните човекови права и слободи и нивното остварување во практика, а соработката меѓу нив да не е овозможена и обезбедена со слобода на изразување како нивен составен елемент. Истовремено слободата на изразување може да е спротивна на други права превидени, односно заштитени со Конвенцијата, како што е правото на правично судење, на почитување на приватноста, на свест и религијата, во ваква ситуација се воспоставува рамнотежа помеѓу овие права, и нивната спротивставеност, но секогаш имајќи ја во предвид важноста на слободата на изразување, бидејќи оваа слобода преставува една од суштинските основи на едно демократско општество и е еден од основните услови за негов напредок како и за развојот на секое човечко битие[5].Без широка гаранција на правото на слобода на изразување, заштитено од независни и непристрасни судови, нема слободна земја, нема демократија. Овој општ став е неспорен,[6] и покрај што произлегува од Европската конвенција, истиот е и во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права како и во други меѓународни документи во кои е содржано правото на слобода на изразување.

**Член 10 од Европската Конвенција за човекови права и негова примена**

Европската конвенција за човекови права преставува најконкретен израз на земјите-членки на Советот на Европа, за нивната цврста верба во вредностите на демократијата, мирот и правдата, а преку нив и почитувањето на човековите права и слободи кои живеат во европското општество.[7]

Европската конвенција за човекови права (Рим, 1950 година), се развива преку интерпретациите, толкувањата на нејзината содржина од страна на Европскиот суд за човекови права, односно Европската комисија за човекови права и преку работата на Советот на Европа[8]. Советот усвои и дополнителни Протоколи кои го проширија опфатот на Конвенцијата, резолуции и препораки кои за земјите членки развиваат и предлагаат

---

[5]www.humanrights.coe.int,Моника Маковеи,Слобода на изразување,Castells против Шпанија 1992 година, Prager and Oberschlinkпротив Австрија, 1995 година, стр.7

[6]www.humanrights.coe.int,Моника Маковеи,Слобода на изразување,JochenAbr.Frowein, Freedom of exression under the European Convention on human rights, Monitor/inf/(97)3, Council of Europe,стр.7

[7]www.humanrights.coe.int,Моника Маковеи,Слобода на изразување,Introduction of European Convention on human rights, collected texts, Council of Europe 1994 година, стр.5

[8]Согласно Протоколот бр.11 Европската комисија и Европскиот суд се споија во единствено тело Европски суд за човекови права.

стандарди на однесување и наметнуваат санкции за државите кои не се придржуваат кон одредбите од Конвенцијата. Скоро сите европски држави членки како и нашата држава ја имаат интегрирано Конвенцијата во своето национално законодавство, на тој начин таа е дел од националниот правен систем и е обврзувачка за домашните институции, што воедно значи дека граѓани-поединци во тие држави ги изведуваат своите права, но и обврски директно од Конвенцијата и тие може непосредно да се повикаат на неа, односно на судската пракса на Европскиот суд, а исто така морам да напомнам дека националните институции, вклучително и судовите, мора да дадат приоритет на Конвенцијата во однос на кој и да е национален закон, дури и да е спротивен на Конвенцијата и нејзината судска пракса, кои пресуди се со обврзувачко дејство, бидејќи тие се одраз на заеднички прифатените стандарди на земјите членки на Советот на Европа, во кој членува и нашата држава.[9]

Слободата на изразување е содржана во чл.10 од Конвенцијата, истиот е структуриран од два става:

- првиот ги дефинира слободите што се штитат и
- вториот ги утврдува околностите во кои некоја држава може легитимно да го попречи користењето на слободата на изразување;

*Член 10 став 1*

*"Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата на свои мислења и на примање и испраќање информации и идеи без попречување од страна на некој јавен орган и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценца за радио-дифузна дејност, за телевизиите и кината".*

Ставот 1 значи утврдува три компоненти на правото за изразување и тоа слобода на свое мислење, слобода на примање на информации и идеи и слобода на испраќање информации и идеи. Во таа смисла и слободата ја сфаќаме како слобода да се изрази мислата, било да се работи за идеи, знаења, вредности, верување, било да се работи со помош на зборови, писма или слики или со помош на сите средства за репродукција и

[9]Закон за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права ( Сл.Весник на РМ 67/09 )

дифузија на мисли и зборови, во печатен или електронски материјал. Овој став од членот 10 треба да се толкува широко за да се сфати, не само суштината на информациите и идеите, туку и разноликоста на формите и средствата низ кои тие се манифестираат, пренесуваат или примаат. Во функција на барањата на плурализмот, толеранцијата, прогресот на демократијата и заштитата пред Европскиот суд е до толку проширена, што ги покрива и идеите или информациите кои се шокантни за некои луѓе, на пример, во ставот на судот за улогата на слободата на изразување во демократско општество :

*"Слободата на изразување претставува една од суштинските основи на демократијата, еден од првостепените услови за нејзин развој и за развојот на секој човек... таа ги прифаќа не само информациите или идеите сметани за поволни, туку и оние кои што и пречат, шокираат или ја вознемируваат државата или било кој друг од населението. Такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и отвореноста без кои нема демократско општество".*[10]

Во оваа насока чл.10 дава можност да се учествува во општествена размена на културни, политички и социјални информации и идеи од секаков вид, за разлика од некогаш кога според Соломон важело правилото дека "*Разумен е оној кој го зауздува својот јазик, изобилството на зборови носи гревови*", денес може да кажеме дека слободата на изразување е дозволена во сите облици, но сепак до дозволени граници, не преминувајќи ги предвидените ограничувањата во ставот 2 од членот 10 кој гласи:

*"Имајќи предвид дека со себе носи должности и одговорности, користењето на овие слободи може да биде подложно на формалности, услови, ограничувања или казни како што е пропишано во закон и неопходно во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за превенција од нереди или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на угледот или правата на другите, за спречување на откривање информации што се*

[10]www.humanrights.coe.int,Моника Маковеи,Слобода на изразување,Handyside против Обединетото Кралство на Британија, 1976, стр.9

*примени како доверливи или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството."*

Според овој став од членот 10 од Конвенцијата сите ограничувања, услови или лимити, односно форми на попречување на слободата на изразување може да се применуваат само за одредено користење на оваа слобода, но сепак ниедно ограничување не смее да допре до содржината на слободата на изразување на пр. на штета на нечиј углед или чест не смее да се гледа секогаш како на кривично дело или основа за граѓанска отштета, бидејќи тоа би довело до поставување на слободата на изразување на дното од списокот на слободи и права, после правото на достоинство и чест, морал или јавен ред, што можеби би довело во крајна линија и до негирање на оваа слобода.

Можното попречување на оваа слобода нема конкретни воспоставени лимити, Европскиот суд испитува од случај во случај одвоено, имајќи го предвид притоа рестриктивното влијание на националните судови преку нивните одлуки[11], па во ваков случај Европскиот суд смета дека со изрекувањето на казни од страна на националните судови може да дојде до цензура, која може да го обесхрабри користењето на правото на слободата на изразување, особено тоа може да биде случај кај новинарите кои можат да бидат демотивирани да ги вршат нивните основни задачи како добавувачи на информации и јавен чувар[12], затоа потребно е државите да имаат закони кои ја лимитираат слободата на изразување, но истовремено тие да се со флексибилна содржина, па дури и со општи термини, за да се избегне претерана крутост и да се зачува чекорот со околностите кои се менуваат или пак да тие ограничувања се олабават до таа мера што нема да бидат инкриминирани тие дејствија, како на пример со целосна или делумна декриминализација на кривичните дела Клевета и Навреда. Членот 10 во ставот 2 предвидува како можност, а не како обврска на државата да го ограничи правото на слобода на изразување, но за да е оправдано и s7улегитимно попречувањето на користењето на слободата на изразување потребно е да се исполнети три кумулативни услови, тоа да е пропишано со закон, да има цел да ја заштити националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за превенција од нереди или криминал, за заштита на здравјето или моралот,

[11]Muller против Шпанија 1988 година
[12]Lingensпротив Австрија 1986 година

за заштита на угледот или правата на другите, за спречување на откривање информации што се примени како доверливи или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството, како и попречувањето да биде неопходно во едно демократско општество, така да онаму каде Европскиот суд ќе утврди дека сите три улови се исполнети, попречувањето од страна на државата ќе се смета за легитимно, а во спротивно судот ќе одлучи дека попречувањето било неоправдано и со тоа слободата на изразување била прекршена.

Декларацијата за слобода на изразување и информирање на Комитетот на министри од 1982 година објавува дека на полето на средствата за јавно информирање потребно е да се постигнат следните цели, заштита на правото на секое лице, без оглед на границите, да може да се изрази, да бара и прима информации и идеи од кој и да е извор, а едновремено и да ги соопштува истите според условите предвидени во чл.10 од ЕКЧП, воедно превземени се важни чекори и од страна на европските *Министри за медиуми* на конференциите во Виена ( 1986), Хелсинки (1988) и Никозија (1991) тогаш усвоените Декларации и резолуции го потенцираат чл.10 од Конвенцијата, како основна референца на европското право за медиуми.[13] На ова место битно е да се истакнат и Препораката за пристап до официјалните документи[14] и Препораката за промовирање на транспарентност на медиумите[15] донесени од страна на Комитетот на Министри при Советот на Европа.

**Некои дилеми во врска со заштитата на честа и угледот од една страна и правото на слободата на изразување од друга страна**

Слободата на изразување е човечко право кое е изборено со текот на долгиот историски процес и претставува достигнување на современо, демократско општество. Во областа на човечките права зазема едно од централните места. Ова право е во тесна врска со слободното мислење, „ бидејќи на тој начин се воспоставува однос помеѓу сопственото, приватно мислење и слободно пренесување на мислењата на други.“.[16] Често поимот

---

[13]Проф.д-р Н.Тупанчески, Д.Кипријановска, Ф.Медарски, Клевета и Навреда-од инкриминација до декриминализација. Скопје, 2009, стр.10
[14]Recommendation No.R(2002) 2 on the access to official documents
[15]Recommendation No.R(94) 13 on measures to promote media transparency
[16]В. Чок, Право на слободу изражавања, јавно информисање и говор мржње, Правни живот бр. 9/1995, Београд, стр. 521

слободно изразување се употребува за да се означи слобода на мислењето и слобода на изразување на мислата.

Има сфаќања дека слободата на изразување има поширок поим, чија содржина е „слобода на духовно, интелектуално и научно изразување, но и физичко или практично изразување, а од оваа слобода произлегува слобода на однесување, слобода на движење, слобода на населување итн.“[17]

Слобода на изразувањеесложеноправо, ина доминантнитеставовиво литературата, вклучува: право на сопствено мислење, право на барање на информации, право на примање информации, право на ширење информации, право на избор на средства со кои ќе се остварува оваа слобода, со користење на ова право без територијални одлучувања. Суштината на ова право е во неговата јавност, а под тоа се подразбира дека тоа што се знае или мисли може непречено и без пречки да се соопшти на другите.

Во теоријата, поимот слободно изразување се одредува на начин предвиден во Европската конвенција.[18]

Како едно од најважните човечки права, слободното изразување одамна преминало во национални рамки. Загарантиранивосите значајни меѓународнидокументиза човекови права, кои седонесенипоВторатасветскавојна. Универзалнатадекларација за човекови праваод 1948 година, во чл. 19 гарантира правона слобода намислење и изразување.

Во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966,година, во чл. 19, се вели:

"Никој не може да биде вознемирен поради своите мислења".

Секое лице има право на слободно изразување; ова право без разлика на границите подразбира слобода на изразување, примање и ширење на информации и идеи од сите видови  во усна, писмена, печатена или уметнички облик, или на било кој начин по слободен избор“.[19]

---

[17]Д. Николиќ, „ Дилеме у вези са кривичним делима учињеним путем штампе и других средстава масовних комуникација“, Ревија за криминологију и кривично право, Београд, 2005. г, стр. 175
[18]Р. Полен, Истине и слободе-Огледи о слободи изражавања, Београд, 2001. г, стр. 5-6
[19]Пакт о граѓанским и политичким правима, Права човека, Зборник докумената, Београд, 1991. г.

Кај нас, слободата на изразување се гарантира со уставни и законски акти. Така, во Уставот во Република Македонија, во чл. 16, се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, во Уставот предвидени се и гаранции на основните слободи и права во чл.50 според кој:

*Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на РМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.*

*Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.*

*Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.*[20]

Исто така, во Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, се штити и гарантира правото на слободно јавно информирање се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. [21]

Од сето претходно кажано, може да се заклучи дека слободата на изразување претставува темелно човеково право од кое почитување зависат и други права на човекот. Сепак, ова право може да биде злоупотребено ако се повредат границите на некои други права. Поради тоа, „ границата на одредена слобода е услов на слобода и таа е неопходна за да слободата се усогласи, во смисла на содржината со други слободи и права“.[22]

Слобода на изразување, значи, не е апсолутна категорија, тоа може да биде ако се сфати само како посебно право, бидејќи секој може да мисли како што сака. Сепак, слободата на изразувањеподразбираодреденидолжности и одговорност илизаштита на индивидуалнитеинтереси и тие сепредмет на одредени ограничувања како што е предвидено во ст.2 од чл.10 од Конвенцијата.

Во Уставот на Република Македонија, во чл. 54, предвидено е:

[20]Устав на РМ, Сл.Весник на РМ, бр.52 од 22 Ноември 1991 година
[21]Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, Слежбн весник на РМ, бр. 13/06, 86/08 и 6.2010.
[22]Р. Дубљевиќ, op. cit. стр. 21

*Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста*[23].

Ограничувањата на слободатана изразувањето постои за да се спречи нејзинатазлоупотреба. Како едно однајчувствителните прашањае ограничувањетоза заштита начеста иугледот. Сосема неспорно е декаслободата на изразувањесе злоупотребува, ако дојде до повреданачеста иугледот. Сепак, со ограничувањето наслободата на изразување и таа може дабиде загрозена. Ова одредување на границата помеѓу заштитата на честа и угледот и правото на слобода за изразување претставува исклучиво важен и сложен проблем.

Мил истакнува дека е неопходно постоење на закон против Навреда и Клевета, но тие не се неспоиви со доктрината на слободното мислење. Поради тоа тој смета дека мора да постои апсолутно слободно мислење и изразување под услови да се ограничи употребата на погрден јазик и дефинира заштита на одредени вредности во случајна реална инепосредназакана од материјални активности кои се јавуваат како директно продолжение на изразените мислења.[24]Според Хегел, слободата на печатот не е слобода да се зборува кој што сака и затоа мора да се одредат границите на таа слобода во однос на честа, што е многу тешка задача.[25]Честа иугледотислободата воопштествените вредностиимаатеднакво значење. Не може да се фаворизира една на штета на другите две. Сите споменати меѓународни документи како и современи национални права во потполност го прифаќаат овој став. Универзалната декларација зачовекови праваго

---

[23]Устав Република Македонија,Slu`ben vesnik na Republika Makedonija broj 52 od 22 noemvri 1991 godina.

[24]Мил по Р. Дубљевиќ, op. cit. стр. 21

[25]Хегел, Основне црте филозофије права, Сараево, 1989. г.

гарантира правото наслободана мислење и изразување, но тоаисто така гарантира дека „никој нема да бидеизложен на произволно вмешувањево неговиот приватен исемеен живот, домотили преписката,ниту пак на нападиврз неговата честиуглед“.[26]Меѓународниот пакт заграѓански и политички правово целост ја презема одредбата на Универзалната декларација, што исто така, езнак за еднаквостпомеѓуовие вредности. Одредбите на Европската конвенција, кои веќе се цитирани, стојат, исто така, на исти позиции.Како што може да се види, проблемот на односот помеѓу заштита на честа и угледот и правото на слобода на изразување е мошне комплексен. Занеговото решавањемора да се зематво предвидопштитеи приватните интереси. Со кривичноправните норми се одредува правно недопуштеното изразување и мислење. Постои мислење дека за повредата на честа и угледот мора да постои само граѓанскоправна одговорност и тие сфаќања лежат во основните идеи за декриминализацијата на кривичните дела Навреда и Клевета. Овие идеи пошироко ќе бидат елаборирани во посебна глава од овој труд. Од сето претходно наведено, може да се заклучи дека кривичноправните норми ги одредуваат границите на слободно изразување и на тој начин се спречува негова злоупотреба. Меѓутоа, мора да се води сметка дека можноста на кривично гонење за Навреда и Клевета или за некое друго дело против честа и угледот не преставува изговор на ништење на правото на слободно изразување, првенствено лица како што се новинари, лица кои имаат посебна улога во остварување на слободата на изразување. Поради тоа, восовременотоправо, како што е нашето, предвидени се исклучоци на противправноста, конкретно, кои се однесуваат на оваа сфера од општествениот живот.

**Извадок од магистерска теза - ( Де ) Криминализација на кривичните дела Клевета и Навреда - , Скопје, Мај 2012 година стр.18-30**

Изготвил,
Судија М-р Ненад Савески

[26]М. Вешовиќ, Збирка докумената о људским правима и слободама, Београд, 1998. г, стр. 61